**Македонка ВИЛАРОВА**
**Снежана ПЕТРОВА**

# ОБРАЗОВАНИЕТО И ЗДРАВЈЕТО: ПРИМЕРОТ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

## Вовед

Согласно воспоставувањето на целите на Законот за јавно здравје да се зачувува и унапредува здравјето на населението и да се овозможи спроведување на основните функции и задачи на јавното здравје преку организирани мерки и активности што ги преземаат државните органи, институции, единиците на локалната самоуправа и други правни и физички лица во соработка со здравствените установи од големо важност е исто така да се унапредува и јакне меѓуресорската соработка во спроведувањето на основните функции на јавното здравје, а истовремено и да се унапредува и јакне соработка меѓу надлежните министерства и единиците на локалната самоуправа и јавниот и приватниот сектор и граѓаните во зачувувањето и унапредувањето на здравјето на населението, возрасните и децата.

Современото време во кое живееме се карактеризира со зголемена меѓузависност на глобално, регионално, национално и локално ниво и растечка комплексност на меѓусебно

*Македонка Виларова е Овластен инспектор за образование и спорт при Општина Велес*

*Снежана Петрова е специјалист по хигиена, Центар за јавно здравје, Велес, и претседател, Совет за јавно здравје, општина Велес*

поврзаните фактори коишто влијаат врз здравјето и благосостојбата на населението. Интеграцијата на многу различни сектори кои влијаат врз здравјето (социјалните и еколошките детерминанти на здравјето, здравствената заштита, итн.) има за цел да овозможи подобра средина за постигнување здравје и добросостојба. Оттука, ова претставува апсолутен предизвик за секоја земја.

Интерсекторски пристап кон здравјето е нов концепт на управување за здравје ги обединува и ги проширува претходните дефиниции за меѓусекторска акција и здрава јавна политика во посеопфатни и поврзани дефиниции за одговорноста на целото општество, неминовно вклучувајќи го и воспитно-образовниот систем.

## I. Активности на Општина Велес во областа на здравството за 2017 година

Здравјето е комплексна категорија, а воедно и јавно добро кон кое сите сектори даваат свој придонес преку своето делување,но имаат и придобивки. Оттука, разбирливо е дека еден единствен документ не е можно да ги согледа и опфати сите аспекти на здравјето, а со тоа и сите детерминанти кои влијаат на него ниту, пак да ги опише и вгради сите односи, одговорности и можности за меѓусекторска соработка и координирана акција кон подобро здравје и добросостојба, и тоа да е согласно Националната стратегија за здравје до 2020 година на Република Македонија, Министерство за здравство на РМ.

Спроведување на здравствена едукација преку едукативни предавања за целни групи на подрачјето што го покрива Центарот за јавно здравје. Во рамките на службите за социјална медицина во ЦЈЗ, согласно законот се планираат,програмираат, извршуваат и евалуираат активности од здравствено-воспитната дејност со населението.

Во оваа смисла, се изготвуваат годишни програми и извештаи, повремени информации и анализи за спроведените здравствено-воспитни активности во одредени периоди, но исто така се пружа стручно-методолошка помош на здравствените установи на подрачјето, се координираат активности со повеќе владини и невладини организации, се одржуваат предавања, трибини, семинари и други форми на здравствено-промотивна активност.

**ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ВО ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВОТО ЗА 2017 ГОДИНА (службен гласник на општина Велес 14/2016)**

| I. Превентивна здравствствена заштита | Рок | Носител | Сопствени приходи | Општина Велес | Др. извори и донации | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Активности на Совет на јавно здравје | | Општина Велес | | 100 000 | | 100 000 |
| Активности по Национална стратегија за превентивна заштита (Здравје за сите 2020) | | Општина Велес во соработка со ЈЗУ и НВО | 0 | 150 000 | 0 | 150 000 |
| II. Промоција и едукација | | | | | | |
| Изработка на промотивен материјал, предавања, трибини, кампањи | | Општина Велес, ЦЈЗ | 0 | 150 000 | 0 | 150 000 |
| Рехабилитација на деца | | Општина Велес | 0 | 200 000 | 0 | 200 000 |
| III. Општи мерки за заштита на населението од заразни болести | | Општина Велес | 0 | | 0 | |
| Аеросолна дезинсекција и | | Општина Велес | 0 | 1 500 000 | 0 | 1 500 000 |
| Дезинфекција на јавни површини и јавни објекти во надлежност на општината | | Општина Велес | 0 | 500 000 | 0 | 500 000 |
| IV. Меѓуинститу-ционална соработка | | Опш. Велес ЈЗУ и НВО | 0 | 110 000 | 0 | 110 000 |

### *I.1. Воспитно-образовни институции во Општина Велес*

Во Општина Велес воспитно-образовниот процес се реализира во седум општински основни училишта, четири општински средни училишта, едно општинско основно музичко училиште и во едно посебно основно училиште. Во надлежност на Општина Велес освен општинските основни и средни училишта и музичкото училиште спаѓаат и една детска градинка со шест објекти и еден средношколски учдом.

Преку системот на јавно здравје се следи и анализира здравствената состојба на учениците со цел за истата да се подобри преку влијанието врз факторите на ризик по здравјето како што се факторите од животната средина, причинителите на болести, начинот на живеење и социо-економските фактори, Во овој контекст се реализираат основните функции на јавното здравје преку група на основни активности во

воспитно-образовните институции со кои се третираат детерминантите на здравјето, се заштитува и чува здравјето на децата и учениците и се превенираат болести од јавно-здравствено значење.

Од особено значење е Превенцијата како активност со која се спречува појавата на болест, намалување на последиците од болеста, како и елиминирање и искоренување на болеста. По однос на тоа унапредувањето (промоција) на здравјето се реализира како процес на планирање и поттикнување на активности за подобрување на здравствената состојба на децата и учениците.

### *I.2. Динамика на трибини и презентации од Советот за јавно здравје за ученици*

Здравствено-воспитната активност на ниво на Ценатрот за Јавно Здравје е со координиран пристап со единиците на локалната самоуправа и е насочена кон: предучилишни и училишни установи, здравствени установи, претпријатија, здруженија и јавни гласила.

Едукативните активности се точно дефинирани во работниот акционен план на следниве теми: превенција на акутни и хронични незаразни болести општа популација; исхрана и здравје-здрави училишни оброци и здравствен ризик од неправилна исхрана (во сите основни и средни училишта ), здравствениот бенефит од спроведување на редовна физичка активност (во сите основни училишта и предучилни установи) активности во периодот на детството, адолесценцијата и раниот адултен период (во секоја паралелка од средното образование се организираат поединечни предавања).

| ТЕМА | УЧЕНИЦИ | РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|---|
| „Социјалните медиуми и нивните ефекти врз младината“ | Завршни основни класови и од средните училишта | Март |
| „Сексуално репрудуктивно здравје и сексуално преносливи инфекции“ | Завршни основни класови и од средните училишта 8 предавања | Април |
| „Болести на зависност-алкохолизам, пушење и опојни дроги“ | Завршни основни класови и од средните училишта | Септември |
| „Со правилна исхрана и физичка активност до поздрав живот“ | Завршни основни класови и од средните училишта | Октомври |
| СИДА | Завршни основни класови и од средните училишта | Декември |

## II. Училишни спортски клубови-грижа за здравјето на учениците

Во склоп на интерсекторкста соработка на локалната самоуправа по однос на заедничка соработка и севкупна грижа за здравјето на учениците во општинските основни и средни училишта функционираат седум училишни спортски клубови во основните општински училишта и во четири средни општински училишта кои се во надлежност во Општина Велес и тоа се следните:

1. Училишен спортски клуб на ООУ „Васил Главинов“-Велес
2. Училишен спортски клуб на ООУ „Блаже Конески“-Велес
3. Училишен спортски клуб на ООУ „Св.Кирил и Методиј“
4. Училишен спортски клуб на ООУ „Благој Кирков“-Велес
5. Училишен спортски клуб на ООУ „Ј.Х.К.Цинот“-Велес
6. Училишен спортски клуб на ООУ „Рајко Жинзифов“-Оризари
7. Училишен спортски клуб на ООУ „Стојан Б.Буридан“-с.Иванковци
8. Училишен спортски клуб на ССОУ„Коле Неделковски“-Велес
9. Училишен спортски клуб на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“
10. Училишен спортски клуб на ССОУ „Димитрија Чуповски“
11. Училишен спортски клуб на ОСУ „Јовче Тесличков“-Велес

Сите општински училишни спортски клубови работат според определена програма и реализираат активнсти за подобрување на здравјето на учениците и превенција од болести. При тоа во соработка со наставниците, родителите и Локалната самоуправа се организираат голем број на различни спортски манифестации, натпревари, кросови, планина-рење, пешачење, курсови по пливање, велосипедизам, фитнес вежби и многу други спортски активности.

## III. Примена на бодовна картичка за еднаков пристап до вода и санитација во Велес

Како трет пример за интерсекторска соработка во Општина Велес во врска со јавното здравје и грижата за здравјето на децата и учениците беше одржана Работилница за еднаков пристап до вода и санитација на тема: “*Примена на бодовна картичка за еднаков пристап до вода и санитација во Република Македонија*“ на 20 и 21.01.2016 година, во Велес. Според истражувањата д-р Снежана Петрова, специјалист по

хигиена и здравствена екологија од Центарот за јавно здравје-Велес беа претставени следните резулатати:

- Во Општина Велес во 13 училишта каде учат 91,6-91,7% од вкупниот број на ученици се користи безбедна вода за пиење од градскиот водовод, додека во 7 училишта каде учат 2,4-2,6% од вкупниот број на ученици користат вода за пиење од локални водоводи која е бактериолошки неисправна и тоа 16,1% во 2014 година и 42,0% во 2009 година, заради дисконтинуирана дезинфекција на водата за пиење.
- Во 5 училишта каде учат 456-466 ученици или 6,0-5,7% од вкупниот број ученици во општината користат вода за пиење од чешми и бунари која е бактериолошки неисправна од 60,0 до 100,0%, заради недостаток од дезинфекција на водата за пиење. (Графикон 4 и 5)

Графикон 4. Пристап до безбедна вода за пиење прикажано како % од вкупен број на ученици во Општина Велес во 2014 година




Графикон 5. Бактериолошки неисправни мостри вода (%) од училишта во руралните подрачја во 2009/2014 година



- **Квалитетот и безбедноста на водата за пиење во училиштата кои се приклучени на локални водоводи е подобрена во 2014 година во однос на 2009 година** како резултат на превземените иницијативи и активности на општината и на локалното население во согласност со укажаните предог мерки од страна на Центарот за јавно здравје Велес кој директно е вклучен во овој процес преку **Советот за јавно здравје**.

Графикон 6. Пристап до санитација прикажано како % од вкупен број на ученици во Општина Велес во 2014 година




- Во 24 училишни објекти каде учат 7456 -8161 ученици или 99,0-99,3% отстранување на течен комунален отпад се врши преку канализација. Во само едно училиште (с.Сливник) со 76 - 58 ученици или 1,0 -0,7 % отстранување на течен комунален отпад се врши преку септичка јама. (Графикон 6)

## Подобрување на услугите на Корисниците во образовни установи

- Во соработка со надлежните институции континуирано се контролира пристапот до безбедна вода за пиење и санитација за корисниците на образовните установи.
- Се констатираат и се вршат интервенции за одржување на нужно ниво на одржливост на квалитетот на снабдување со вода и санитација на објектите од образовните установи и се покриваат со блок дотациите од Министерството за образование и наука.
- Сите образовни установи во градот имаат посебни тоалети за мажи и жени како и во поголемите училишта во селата, а во некои од помалите подрачни училишта имаат заеднички тоалети.

Освен средношколскиот дом и основното училиште во с. Горно Оризари, сите останати образовни установи немаат соодветни капацитети за одржување на менструалната хигиена.

## IV. ЛАПЛИ - Локален Акциски план за лица со инвалидност во Општина Велес 2016-2020, мај 2016

Како четврт чекор за интерсекторска соработка и грижа за јавното здравје во Општина Велес е изработката и имплеменатцијата на Локалниот Акциски план за лица со инвалидност на Општина Велес 2016-2020 година, кој претставува стратешки документ за зајакнување на процесот за социјално вклучување и деинституционализација на лицата со инвалидност.

Со самото тоа што ова е веќе трет локален план, се потенцира значењето и грижата на Општина Велес кон лицата со инвалидност за тие да се чувствуваат како рамноправни граѓани активно вклучени во сите сфери на општественото живеење.

3. Приоритетна област - Образование и култура ( од ЛАПЛИ)

| Цели | Стратегии | Временска рамка | Одговорна институција | Потребни ресурси |
|---|---|---|---|---|
| 1. Подобрување на условите за инклузивно образование на децата со посебни потреби | 1.1.Лобирање за воспоставување законски заснована соработка со ПОУ „Маца Овчарова“ и МОН за мобилни дефектолози и логопеди во секое основно и средно искуство кои ќе бидат вработени преку ПОУ „Маца Овчарова“, а ангажирани во средните училишта | 2017-континуитет | Граѓански организации<br>ПОУ<br>ООУ<br>ОСУ<br>ОЈУДГ | Човелки ресурси<br>Матријални ресурси<br>(донации, меѓународни партнери, општински буџет, сопствени средства, Министерство за труд и наука, бизнис секторот) |
| | 1.2 Обезбедување на специјализирана компјутерска опрема и дидактички материјали во секое училиште. | 2019/2020 | Општина Велес | |
| 2. Зголемување на вклученоста на лицата со инвалидност во културни настани и манифестации на локално, национално и меѓународно ниво | 2.1 Иницирање на инклузивни активности (театарски претстави, музички концерти, ликовни изложби, хуманитарни акции и сл) | 2016-2020 | НВО | |
| | 2.2 Поттикнување на меѓусебна соработка и вмрежување на организациите кои работат на планот на подобрување на условите на живот на лицата со инвалидност, на локално, регионално и меѓународно ниво | 2016-2018 | Општина Велес | |
| | 2.3 Организирање на манифестацијата „Републички музички средби на слепи музичари” и „Републички квиз натпревар за слепи” | 2016-2020 | | |

Документот ЛАПЛИ 2016-2020 опфаќа активности во врска со: Подигнување на јавна свест, Образование и култура, Пристапност / рампи и лифт, Услуги за поддршка, Медицински услуги, рехабилитација и спорт, Вработување, Креирање на политики.

Локалниот Акциски план за лица со инвалидност во Општина Велес 2016-2020, мај 2016 (ЛАПЛИ) ја има следната СОДРЖИНА:

> Тим за изработка на Локалниот акциски план за лица со инвалидност на ниво на Општина Велес 2016 – 2020 година (ЛАПЛИ 2016 – 2020); Општ осврт; Цели, задачи и основни принципи на ЛАПЛИ 2016 – 2020; Процес на креирање на ЛАПЛИ 2016 – 2020; Приоритетни области на делување; Терминолошки аспекти; Преглед на актуелната состојбата; Анализа на состојбата со вработување на лицата со инвалидност на ниво на Општина Велес според податоците на Агенцијата за вработување на Република Македонија; Локален акциски план за лица со инвалидност во Општина Велес 2016 – 2020 година; Подигнување на јавна свест; Образование и култура; Пристапност; Услуги за поддршка; Медицински услуги, рехабилитација и спорт; Вработување; Креирање на политики.

Тимот за изработка на Локалниот Акциски план за лицата со инвалидност на Општина Велес 2016-2020 се состои од стручни соработници вработени во Општина Велес во координација со претставник од Центар за интегрална рехабилитација Виготски.

## V. Граѓански организации, здруженија и други институции

Граѓанските организации од Општина Велес исто така се вклучени и активни учесници при реализиањето на активностите организирани во врска со грижата за здравјето на населението и децата се следните:

- Здружение на лица со церебрална парализа - Велес
- Меѓуопштинско здружение на лица со телесен инвалидитет „Мобилност“ Велес
- Друштво на родители за грижа за здраво поколение
- Здружение на слепите лица на Општина Велес
- Здружение на трансплантирани лица со орган и ткиво, дарители на орган и ткиво и лица со отстранети или оштетени органи или екстремитети „ХОРЛЕТ“ – Велес
- Центар за интегрална рехабилитација „ВИГОТСКИ“
- Центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост „Порака“ Велес

- НВО „ПОПИ“ Велес

Институции кои се вклучени во интерсекторската соработка и реализирање на најразлични активностите по однос на заедничка грижа за јавното здравје на децата и учениците во Општина Велес се следните:
- Центар за јавно здравје Велес
- ПОУ „Маца Овчарова“ -Велес
- ООУ „Блаже Конески“ -Велес
- ООУ „Васил Главинов“ -Велес
- ОСУ „Јовче Тесличков“-Велес
- СОУ Гимназија „Кочо Рацин“ -Велес
- Дневен центар за лица со ментална или телесна попреченост-Велес
- Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа Велес

## VI. Совет на Општина Велес

Советот на Општина Велес активно учествува во Формирање и работа на Советот за јавно здравје на Општина Велес Согласно Законот за јавно здравје и Статутот на Општина Велес (Сл. гласник на Општина Велес бр.12/06,03/09 и 18/10) и донесе Решение за формирање на Совет за јавно здравје на 15.07.2013год. Советот за јавно здравје е формиран на 24.10.2013 година и е составен од пет членови: еден претставник од Центарот за јавно здравје и четири претставници од општината. Советот за јавно здравје на подрачјето на Општина Велес работи согласно усвоени Деловник за работа и Годишна Програма за работа.

Советот за јавно здравје Велес го има следниот делокруг на работа: Советот се грижи за доследно спроведување на одредбите од Законот за јавно здравје, притоа изработува и му предлага на Советот на општината програмски мерки за унапредување на јавното здравје на подрачјето на Општина Велес, согласно утврдените состојби во одредени области; Советот проучувајќи ги прашањата и политиките во областа на јавното здравје дава мислење во однос на материјалите и предлозите по кои расправа и ги предлага до Советот на општината на разгледување и усвојување;

Советот работи континуирано на процесот на собирање и обработка на податоци за состојбите како би можел да ги идентификува мерките кои треба да се преземат од страна на органите на општината и други субјекти; Советот учествува во креирање и донесување на стратегијата за развој на Јавното здравје на општината, Програмата на општината итн.

## Апстракт

Здружувањето на сите сектори и општествени чинители за подобра комуникација, координација и акција за унапредување на здравјето и благосостојбата на сите и на секој поединец во заедницата е стратешка цел и во работењето на Локалната самоуправа во Општина Велес. Нагласени се заедничките определби за постојано инвестирање во унапредувањето на здравјето и благосостојбата како предуслов за општествениот развој во чиј фокус е човекот, како и клучната улога на локалната заедница и интерсекторската работа на сите нивоа.

Интересот на Локалната самоуправа за Интерсекторска соработка и меѓуопштинско вмрежување за јавно здравје се потврдува и со фактот дека Општина Велес беше домаќин на работилницата „Сите заедно за здравје за секого до 2020 година-зајакнување на интерсекторската соработка на локално ниво за здравје и благосостојба“, што се одржа во организација на Министерството за здравство, со поддршка на Светската здравствена организација, од 19 до 21 септември 2016 година во Велес.

Заложба за подобро здравје на сите граѓани се пројавува и реализира во повеќе сектори во локалната самоуправа и тоа во: здравствената и социјалната заштита, животната средина, образованието, урбанизмот, управувањето со кризи, економијата, бизнис и граѓанскиот сектор итн.

Интерсекторска соработка за здравје и благосостојба на локално ниво е заложба која треба да служи како поттик, но и обврска за здравјето на сите, и од сите сектори на владата, локалната самоуправа и целото општество. ДОБРО ЗДРАВЈЕ - СЕКОЕ ДОБРО ЗА СИТЕ!

## Библиографија


1. Статут на Општина Велес, Сл. гласник на Општина Велес бр. 12/06, 03/09 и 18/10
2. Годишна програма за работа на Советот за јавно здравје на Општина Велес за 2016 година
3. Официјална веб страница на Општина Велес: www.veles.gov.mk
4. Работилница "Сите заедно за здравје за секого до 2020 година", Велес, септември 2016 година, достапно на: http://www.zdravje2020. mk/?page=vest13
5. Евродијалог 22, Снежана Петрова, Улогата на Советите за јавно здравје и Локалната самоуправа во унапредување на јавното здравје
6. Закон за јавно здравје, Службен весник на РМ бр. 22/10,136/11, 144/14,
7. 149/15 и 37/16
8. Национална стратегија за здравје до 2020 година на Република Македонија, Министерство за здравство на РМ, 2016
9. Национална програма за јавно здравје на Република Македонија,Службен весник на РМ, бр. 6/16
10. Стратешка рамка и акциски план за јавно здравје на РМ до 2020 година,
11. Министерство за здравство на РМ, 2016